РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 03-1935/1
17.04.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До: Сите радиодифузери**

**За: Управителите/директорите и одговорните уредници**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38
1000 Скопје**

**Предмет: Потсетување на обврската за известување за изборната кампања за Парламентарните избори според принципот на пропорционалност**

Почитувани,

Во пресрет на Парламентарните избори, за кои изборната кампања започнува утре (18 април 2024 година), Ве потсетуваме дека, при известувањето во дневноинформативните емисии (вестите и дневниците) и во посебните информативни програми (интервјуа, дебати или ТВ/радио соочувања, актуелно информативни програми, актуелно информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми) **сте должни да обезбедите избалансирано покривање на изборите во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници.**

Согласно Решението на Државната изборна комисија, на овие Парламентарни избори има 17 учесници во изборната кампања, и за да обезбедите избалансирано покривање на изборите **треба да издвоите приближно исто време за партиите/коалициите кои имаат ист број потврдени листи.**

Важно е да се нагласи дека **од радиодифузерите не се очекува да обезбедат избалансираност во известувањето за потврдените учесници во изборната кампања во секоја одделна дневно-информативна емисија или во секоја посебна информативна програма, туку за време на изборната кампања.**

При извлекувањето на оценките за избалансираноста ќе се има предвид интензитетот на активностите на учесниците во изборната кампања.

Во продолжение е **преглед на потврдените 17 учесници во изборната кампања прикажани според бројот на изборни единици во кои имаат потврдени листи.**

| Број на изборни единици | Потврдени учесници во изборна кампања | Изборни единици во кои имаат потврдени листи |
|---|---|---|
| Во 6 изборни единици | КОАЛИЦИЈА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА | 1, 2, 3, 4, 5, и 6 |
| | КОАЛИЦИЈА ХРАБРО ЗА МАКЕДОНИЈА | |
| | ПАРТИЈА МАКЕДОНСКА ЕРА ТРЕТА/МАКЕДОНСКИ НЕЗАВИСНИ ЛИСТИ – СУВЕРЕНИСТИ | |
| | ПАРТИЈА ЛЕВИЦА | |
| | КОАЛИЦИЈА ЕВРОПСКИ ФРОНТ | |
| | КОАЛИЦИЈА ВЛЕН | |
| | КОАЛИЦИЈА „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“ ВМРО-ДПМНЕ | |
| | ДВИЖЕЊЕ ЗНАМ - ЗА НАША МАКЕДОНИЈА | |
| | ПАРТИЈА ДЕМОКРАТИ | |
| | ПАРТИЈА РОДИНА МАКЕДОНИЈА | |
| | | |
| Во 5 изборни единици | ЕДИНСТВЕНА МАКЕДОНИЈА | 1, 2, 3, 4, и 5 |
| | | |
| Во 4 изборни единици | Политичка партија АВАЈА | 3, 4, 5 и 6 |
| | ТВОЈА ПАРТИЈА | 1, 2, 3, и 4 |
| | ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА НОВА АЛТЕРНАТИВА СКОПЈЕ | |
| | ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ДЕСНА | |
| | | |
| Во 2 изборни единици | РАБОТНИЧКА ПАРТИЈА | 1 и 5 |
| | | |
| Во 1 изборна единица | ПАРТИЈА ЕВРОПСКО ГРАЃАНСКО ДВИЖЕЊЕ | 6 |

Потсетуваме дека платеното политичко рекламирање е изземено од принципот на пропорционалност.

Со почит,

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
Директор,

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ